KOMPAS
JUGOSLAVIJA

Art KOMPAS

ГАЛЕРИЈА Скопје

# ГЕЛЕВСКА ЖАНЕТА

Трговски центар — Скопје, понеделник 2. 10. 1989 год. во 19,30 часот



Изникната од магиски чин, распната меѓу сопствената смисла и заблуда околу таа смисла и доделената улога во одреден простор и време чии ограничувања и диктати ја чинат жртва или жртвеник уметноста опстанува единствено поради независниот сопствен универзиум

Проникнувањето во безконечноста, во многуслојството на критериуми својствени за тој универзум, образува степеник во чии темел стои „уметничко". Појам по што ја непознаваме суштината на духовниот процес евидентиран во слика, кип или звук. Изворноста го покажува човековиот однос до животот и богатството на акомулирани сознанија, емоции, ставови и визии. Од оваа банка. креативноста дава варијанти на отелотворение на човековиот дух низ творечка активност што се фиксира во форма.

Сега пред нас тоа се облици затворени оградени глобално во асоцијативни форми на машинобили својствени за визии од урбана средина. Во нивната срж се парцелизирани засебни целини во кој опстојуваат графизми, како знаци чија појмовна вредност ја одредува авторот, воспоставувајќи модел што го нуди за комуницирање.

Доста спретно, за искуство што го поседува, сликарката се обидува да создаде ликовна симбиоза. Тука заживуваат линеарните графизми како ракопис што некогаш потсетува нѐ детски цртеж на космички летала и предмети, форми веројатно роспитани преку нормите на калиграфијата во стрипот што во корен се урбани генерациски постулати.

Нејзиниот хиероглиф начас неуротично растрган, се затвара во суптилно колорирани површини, што заедно со меѓупросторот, напати решен рељефно во текстури кој со експоримент уметникот ги истражува, ја оправдува конечноста на обликуваниот објект среде форматот.

Објектите асоцијативно говорат за чуството на уметникот за скулптуралност и воедно за деликатна сензибилност заробена во грубо клесана појавност.

Сето ова зборува дека енергијата, засега затворена во за прв пат прикажаниве дела ако го пронајде вистинскиот пат ќе создаде уметник во правата смисла на зборот.

**Венијамин Хаџи-Наумов**

# ГЕЛЕВСКА ЖАНЕТА

Родена во Куманово 1966 година. Дипломирала на факултетот за Ликовни Уметности во Скопје — 1988 г. Во класата на проф. Ана Темкова

Адреса: Ул. „Никола Русински" бр. 8 3/2-9 Скопје.
Тел. 218-931

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1984 — 1988 Годишни изложби на студенти на ФЛУ Скопје.

1987 — „Млади ликовни творци" Дом 25. мај Скопје.

1989 — „Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ — Скопје" Уметничка галерија Скопје.

1989 — „Традиционална изложба на дипломирани студенти" галерија на ЈНА.

Одговорен уредник: Арсение Јаневски
Организ. на изложбата: Биљана Караѓозовска Милорадовиќ

**Печатница и книговезница „Бато" - Скопје**

Galerija KOMPAS

# К А Т А Л О Г

1.Симбол 1 ................
2.Симбол 2 ................
3.Симбол 3 ................
4.Симбол 4 ................
5.Симбол 5 ................
6.Симбол 6 ................
7.Симбол 7 ................ 9.000.000, дин.
8.Симбол 8 ................ 9.000.000,
9.Симбол 9 ................ 3.800.000,
10.Симбол 10 ............... 3.800.000,
11.Симбол 11 ............... 6.200.000,
12.Симбол 12 ............... 6.200.000,
13.Симбол 13 ............... 6.200.000,
14.Симбол 14 ............... 6.200.000,
15.Симбол 15 ............... 6.200.000,
16.Симбол 16 ............... 6.200.000,
17.Симбол 17 ............... 3.800.000,
18.Симбол 18 ............... 3.800.000,
19.Симбол 19 ............... 3.800.000,
2o.Симбол 2o ............... 3.800.000,
21.Симбол 21 ............... 3.800.000,
22.Симбол 22 ............... 3.800.000,